ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ул. „Прилепски Бранители“ бр.1, 7500 Прилеп

[redacted]

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-7/2-1
22.04 2024 Год.
Прилеп

Почитувани, врз основа на Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заверено со наш бр.03-7/2 од 01.04.2024 год., Ви го доставуваме следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Организационата поставеност во Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови - Прилеп се одвива во неколку одделенија кои даваат услуги на граѓани и правни лица.

1. Одделение за урбанистичко планирање и проектирање

ЛИЦЕНЦИ И ОВЛАСТУВАЊА

Во согласност со актуелните Законски норми од областа на урбанистичкото планирање, проектирањето и градбата (Закон за просторно и урбанистичко планирање и соодветните Правилници и Законот за градење), претпријатието врз основа на соодветните овластувања на инженерскиот кадар се здоби со лиценци А за проектирање за градби од прва категорија П.110/А, лиценца Б за надзор над изведба на градби од втора категорија Н.457/Б, лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0108, потврда за ревизија на урбанистички планови со арх. бр.31уп-437/2023 и лиценца Б за ревизија на проектна документација за градби од втора ктегорија Р.165/Б, така да има капацитет да изработува идејни и основни проекти, да изработува урбанистичко плански и урбанистичко проектни документации, да врши надзор над изградба на објекти од втора категорија и ревизија на урбанистичко-плански, урбанистичко-проектни и проектни документации.

Напомена: Лиценците на правниот субјект ЈП за ПУП-Прилеп и овластувањата на инженерскиот кадар се за потребите на одделението за урбанистичко планирање и проектирање, кое работи за потребите на

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Ул. „Прилепски Бранители“ бр.1, 7500 Прилеп

Општина Прилеп во реализација на Програмата ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП.

2. Одделение за јавен градски превоз

Ова одделение врши превоз на патници по однапред дефинирани траси, како и слободен и посебен линиски превоз. Во прилог Ви доставуваме одлуки и ценовници за работењето на ова одделение.

3. Одделение за стопанисување со паркинг простор

На ЈП за ПУП му е доделена надлежноста да стопанисува со јавниот паркинг простор на подрачјето на Прилеп. Во прилог Ви доставуваме ценовник, услови за издавање на повластени билет за паркирање за физички и правни лица и барање за договор.

Изработил:

Фросина Велеска

ЈП за ПУП – Прилеп

Директор

в.д. Бранко Нешкоски

Прилеп,19.04.2024 год.